РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ЛИЦА СО ПОПРЕЧНОСТ

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА СОСТОЈБАТА СО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ПОСЕБНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ПОСЕБНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ И ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**август, 2021**

## 1. ВОВЕД

Народниот правобранител како орган кој ги штити правата на децата и ја мониторира имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, посветено го следи остварувањето на правото на образование на учениците со посебни образовни потреби, особено на учениците со попреченост, при што потенцира дека инклузивното образование е од големо значење за квалитетно образование на сите деца, вклучително и на децата со попреченост, како и за развивање на инклузивни, мирољубиви и праведни општества.

Тргнувајќи од утврденото во Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 од 05.08.2019 година), Народниот правобранител со загриженост констатира дека со задоцнување беше донесена Концепцијата за инклузивно образование, која ја дефинира инклузијата на сите деца во редовното основно образование. Имено, иако согласно член 180 став 3 од Законот, Концепцијата за инклузивно образование требаше да биде донесена во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон (Законот влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во службен весник), истата беше донесена на 18.08.2021 година.

Во меѓувреме беа донесени подзаконските акти кои ги уредуваат прашањата за квалитетно инклузивно образование, односно Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи на образовниот и личниот асистент (донесен на 02.12.2020) и Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент (донесен на 15.02.2021 година).

Согласно член 179 од Законот за основното образование, ***постојните државни основни училишта*** Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин” - Битола, Посебното основно училиште „Иднина” - Скопје, Посебното училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Д-р Златан Сремец” - Скопје, Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно - образовни потреби „Св. Климент Охридски” - Ново Село, Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова” - Велес, ***продолжуваат со работа како основни училишта со ресурсни центри од учебната 2020/2021 година, додека***

***постојните посебни паралелки*** при основните училишта*, **продолжуваат со работа како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост од учебната 2020/2021 година.***

Во корелација со изложеното, а со цел да утврди дали во текот на 2020/21 учебна година горенаведените училишта/паралелки започнаа со работа како основни училишта со ресурсни центри, односно како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост и до каде е процесот на нивната трансформација согласно Законот, Народниот правобранител преку обраќање до погоре наведените посебни училишта и посебни паралелки го мониторираше овој процес.

Имено, Народниот правобранител од горенаведните државни основни училишта и посебни пралалки при основните училишта побара појаснување и одговори во врска со активностите и дејствијата кои се преземени со цел трансформација на посебните училиштата и посебните паралелки, конкретни објаснувања за процесот на трансформација, појаснување за сегашната наспроти идната улога во поддршката на учениците со попреченост инклузирани во општинските училишта, услугите кои ќе ги обезбедуваат посебните училишта/паралелки кон инклузираните ученици и кон учениците кои ќе продолжат да следат настава во рамки на овие училишта/паралелки, какви работни задачи ќе имаат вработените на неопределено време од овие училишта/паралелки, колку целокупниот процес е транспарентен и поддржан од наставниот кадар, стручните соработници и родителите на учениците, кои, односно какви насоки имаат добиено од Министерството за образование и наука и кои активности претстојат.

Дополнително се обрати и до Министерството за образование и наука, со цел добивање информации за активностите, дејствијата и мерките кои се преземени од страна на ресорното министерство во однос на овој процес.

Сите посебни училишта и безмалку сите општински училишта во кои функционираат посебни паралелки[1], како и Министерството за образование и наука во дадениот рок ги доставија написмено бараните информации и податоци.

[1] Одговор не добивме од ООУ „Стив Наумов“ – Гази Баба, ООУ „Ѓерѓ Кастриот“ – Арачиново, ООУ „Дитурија“ – Сарај и ООУ „Наим Фрашери“ – Студеничани

Народниот правобранител, преку тимот за мониторинг на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост кој функционира во рамки на Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост изврши анализа на добиените одговори и истите ги презентира преку овој извештај, заедно со констатации и препораки за ефикасна и квалитетна поддршка од училиштата со ресурсни центри и центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

## 2. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ОДГОВОРИ

Анализата на одговорите добиени од посебните основни училишта и посебните паралелки при општинските основни училишта е презентирана според реоните утврдени во *Решението за реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост*, донесено од министерот за образование и наука бр. 1201861 од 02.02.2021 (во натамошниот текст Решение).

Ова Решение е донесено врз основа на *Упатството за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и другите основни училишта бр. 12-11946 од 27.10.2020 година*. Со истото се утврдуваат реоните за соработка на општинските основни училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка на учениците со попреченост, врз основа на територијален принцип (близина) и согласно истото постојат вкупно 5 реони.

По презентираните одговори добиени од посебните основни училишта и посебните паралелки при општинските основни училишта следува одговорот добиен од страна на Министерството за образование и наука.

### *2.1. Реон 1*

Согласно определеното во споменатаото Решение, основните училишта од општините: Чашка, Кавадарци, Росоман, Демир Капија, Неготино, Градско, Велес, Лозово, Свети Николе, Карбинци, Штип, Пробиштип*, **соработуваат со Основното училиште со ресурсен центар „Маца Овчарова“ – Велес и со Центрите за поддршка во училиштата:*** ООУ „Страшо Пинџур“ –

Кавадарци за подрачјето на општина Кавадарци, ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино за подрачјето на општина Неготино, ООУ „Св.Кирил и Методиј“ – Свети Николе за подрачјето на општина Свети Николе, ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип за подрачјето на општина Пробиштип и ООУ „Ванчо Прке“ – Штип за подрачјето на општина Штип.

**Основното училиште со ресурсен центар „Маца Овчарова“ – Велес според наведеното во Решението, го опфаќа Вардарскиот регион и дел од Источниот регион, во кои има вкупно 31 основно училиште, 17 433 ученици и 93 ученици со посебни образовни потреби.[2]**

Според одговорот на ова Посебно основно училиште, доставен до Народниот правобранител на 26.05.2021 година, во учебната 2020/21 година училиштето не започнало со работа како училиште со ресурсен центар, поради доцнењето со донесувањето на подзаконските акти поврзани со трансформацијата на училиштето. Според училиштето, самиот процес бил изведуван во постојан контакт со Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество, и до моментот на изготвување на одговорот, училиштето беше во очекување на согласност за измена на Статутот на училиштето и следствено негова пререгистрација во Основно училиште со ресурсен центар.

Ова училиште има изработено Функционална анализа, и до Министерството за информатичко општество и администрација доставило Правилник за систематизација на работи и работни места, за добивање на согласност за негова примена. Шест (6) специјални едукатори и рехабилитатори биле на обука за обучувачи на идните образовни асистенти кои ќе бидат распределени по барање на општинските основни училишта кои се во реонот 1 кој ова училиште ќе го опслужува. Покрај ова, училиштето има потпишано Меморандум за соработка со сите општински училишта од реонот, со цел поддршка во реализацијата на ресурсната дејност за инклузираните ученици. Дополнително имаат реализирано неколку онлајн обуки за наставниот кадар и стручните соработници од редовните основни училишта на ниво на Општина Велес за изготвување на индивидуални образовни планови (ИОПи) за учениците со попреченост, а исто така, имаат изготвено база на податоци за

[2] Податоците за број на ученици се однесуваат на учебната 2019/20 година

бројната состојба на ученици со пореченост, проценети според Стручното тело за функционална проценка по МКФ, бројната состојба со образовни асистенти побарани од основните училишта од општините Велес, Градско, Чашка, Лозово и Свети Николе.

Во минатото, училиштето давало поддршка на инклузираните ученици од општинските училишта преку давање логопедски корективен третман и со истата поддршка ќе продолжи и во иднина. Освен оваа ресурна поддршка, во иднина специјалните едукатори и рехабилитатори ќе пружаат поддршка на стручните служби и на инклузивните тимови од редовните основни училишта, на самите ученици со попреченост кои се инклузирани, на нивните родители и наставници.

За учениците кои ќе продолжат да следат настава во нивното училиште и понатаму ќе реализираат редовна воспитно-образовна дејност. Имено, работните задачи на вработените на неопределено време ќе бидат реализација на воспитно-образовна и рехабилитациска дејност, а 6 вработени ќе бидат тренери кои ќе вршат обука на образовните асистенти кои ќе даваат поддршка на инклузираните ученици.

Согласно добиениот одговор од ова посебно училиште, Советот на родители е тековно известен за сите чекори кои се преземаат во однос на трансформацијата и дека од МОН добиваат насоки во однос на промени, планови и активности кои треба да се преземат за олеснето спроведување на овој процес.

- **ООУ „Страшо Пинџур“ – Кавадарци** во дописот добиен на 13.04.2021 извести дека започнале со овој процес по разгледување на упатствата и правилниците донесени од МОН и по добивање на насоки од страна на МОН, а одржале и состаноци со ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес, како и со претставници на МОН и Бирото за развој на образовнието (во натамошниот текст БРО). Во рамки на ова училиште има 5 посебни паралелки со 18 ученици со попреченост со кои работат вкупно 6 специјални едукатори и рехабилитатори.

Според одговорот, со трансформација на посебните паралелки во центри за поддршка, дел од учениците ќе го продолжат своето образование на истиот начин, согласно индивидуалните можности и способности, и во согласност со барањата на нивните родители. Додека за останатите ученици

кои се инклузирани во редовните училишта од страна на училиштето ќе се нуди помош и поддршка, во зависност од проценката на Стручното тело за функционална проценка по МКФ.

Во моментот ова училиште дава поддршка на ученици на уште три други општински училишта кои немаат соодветен кадар за работа со деца со попреченост.

- **ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино** достави допис до Народниот правобранител на 14.04.2021, во кој наведува дека во рамки на ова училиште има една посебна паралелка со 3 ученици, со кои работи едно стручно лице – специјален едукатор и рехабилитатор кој е ангажиран на неопределено работно време. Во училиштето има и 7 инклузирани ученици со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор ангажиран во стручната служба на училиштето.

Се известува дека започнале со овој процес по разгледување на упатствата и правилниците добиени од МОН и по одржаните состаноци со ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес, при што наведуваат дека одржале и состаноци со претставници на МОН со цел подготовка на функционална анализа.

Во ова училиште сé уште не е извршен процесот на трансформација на посебната паралелка во центар за поддршка и во моментов не даваат поддршка на ученици со попреченост од други општински училишта. Условите за инклузираните ученици сé уште не се дефинирани поради неспроведена функционална анализа.

- Во дописот доставен на 15.04.2021 година, од **ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе** е нотирано дека во рамки на ова училиште има една паралелка за ученици со попреченост (вкупно три ученици) со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор и предметни наставници со работен ангажман на неопределено време. Според Решението од МОН, ова училиште е утврдено како центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост на сите основни училишта во реонот на општина Свети Николе.

Од училиштето известуваат дека присуствувале на неколку онлајн состаноци со претставници од МОН и ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес, но сé уште не започнале да функционираат како центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

Целокупниот процес на трансформација на посебната паралелка во рамките на ова училиште е поддржан од наставниот кадар и стручните соработници, но не сите родители покажуваат желба за ваква трансформација. Инаку, од ова училиште се известува дека сé уште не го смениле Статутот и немаат изработено функционална анализа со цел вработување на дополнителен кадар.

- **ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип** на 19.04.2021 година, достави идентичен допис како ООУ „Кирил и Методиј“ – Свети Николе. Имено, во дописот известуваат дека во ова училиште има една комбинирана паралелка за деца со попреченост, поконкретно имаат 4 ученици, со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор, а работат и предметни наставници кои се со работен ангажман на неопределено време. Со Решението од МОН ова училиште е утврдено да функционира како центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост на сите основни училишта во реонот на општина Пробиштип. Вработените од училиштето присуствувале на неколку онлајн состаноци со МОН и ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес, но сé уште не функционираат како центар за поддршка.

Целокупниот процес на трансформација на посебната паралелка во рамките на ова училиште е поддржан од наставниот кадар и стручните соработници, но не сите родители покажуваат желба за ваква трансформација. Инаку, од страна на Министерството за образование и наука дадени се насоки ова училиште да го смени Статутот и да изработи функционална анализа, заради вработување на дополнителен кадар.

- Во дописот од **ООУ „Ванчо Прке“ – Штип,** добиен на 14.04.2021 година се известува дека ова училиште има еден специјален едукатор кој е вклучен во тимот на стручни соработници во училиштето, како и 7 специјални едукатори и рехабилитатори кои предаваат во посебните паралелки. Вкупниот број на ученици е 33 и истите се поделени во паралелки во зависност од видот на попреченоста на учениците.

Во училиштето е започнат процесот на трансформација, преземени се мерки за информирање на родителите и на учениците со попреченост, како и анкетирање на родителите и нивно изјаснување дали нивните деца ќе го продолжат образованието во посебните паралелки или ќе се инклузираат во редовна настава.

Според училиштето, целокупниот процес се одвива транспарентно, и е поддржан од наставниот кадар и стручните соработници. Родителите на учениците кои актуелно учат во посебните паралелки се противат на идејата да ги вклучат нивните деца во редовна настава.

***2.2. Реон 2***

Согласно наведеното во Решението сновните училишта од општините: Берово, Пехчево, Делчево, Виница, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Гевгелија, Богданци, Дојран, Валандово, Струмица, Ново Село, Босилово, Василево, Чешиново и Облешево, Конче, Радовиш соработуваат со ***Основното училиште со ресурсен центар „Св. Климент Охридски“ – Ново Село и со Центрите за поддршка во училиштата:*** ООУ „Кочо Рацин“ Блатец – Виница за подрачјето на општина Виница, ООУ „Св.Климент Охридски“ – Делчево за подрачјето на општина Делчево, ООУ „Кирил и Методиј“ – Македонска Каменица за подрачјето на општина Македонска Каменица, ООУ „Малина Попиванова“ – Кочани за подрачјето на општина Кочани и ООУ „Сандо Масев“ – Струмица за подрачјето на општина Струмица.

**ПОУ „Св. Климент Охридски“ – Ново Село според наведеното во Решението го опфаќа Источниот и Југоисточниот регион, во кои има вкупно 49 основни училишта, 20716 ученици и 52 ученици со посебни образовни потреби.**[3] Во дописот добиен од ова училиште на 16.04.2021 се известува дека училиштето има изготвено нов Статут на училиште со кој станува училиште со ресурсен центар за кој е добиена согласност од МОН, а имаат изработено и функционална анализа, во која се предвидени образовниот и личниот асистент, имаат одобрено нова шифра за образовен и личен асистент во каталогот на работни места во јавниот сектор на Министерството за информатичко општество и администрација.

Сегашната улога на ова училиште е образование и воспитание на ученици со попреченост кои и во идниот период ќе продолжат да следат настава според програми од БРО и МОН. Освен за овие ученици, училиштето ќе дава поддршка, односно услуги на учениците кои се инклузирани (вклучени) во општинските училишта од нивниот реон. За учениците во општинските

[3] Податоци за учебната 2019/20 година

училишта ќе обезбедуваат асистенти кои ќе бидат вработени во ова училиште и обучени од инклузивниот тим на ова училиште, кој, исто така, ќе биде задолжен за давање поддршка при изготвување на индивидуални образовни планови (ИОПи) за учениците.

Согласно добиените информации од ова училиште, вработените на неопределено време ќе продолжат да ги извршуваат работните задачи како и до сега, и дополнително ќе даваат консултативно-советодавни услуги и помош на наставниците од општинските училишта.

Целокупниот процес се оценува како транспарентен, со забелешка дека има реакции од голем број родители кои инсистираат нивните деца да го продолжат образованието во ова училиште и по 2023 година. Од училиштето додаваат дека ниту еден родител не изразил желба да го префрли своето дете во редовно општинско училиште, како и дека имаат најава од други родители кои сакаат нивните деца да бидат сместени и да се образуваат во ова училиште.

Училиштето очекува целокупниот процес да биде завршен до почетокот на новата учебна 2021/22 година.

- **ООУ „Кочо Рацин“, Блатец – Виница,** во доставениот одговор до Народниот правобранител на 20.04.2021 година, известува дека во ова училиште функционира една паралелка, со два ученика со попреченост, а со кои покрај предметните наставници работи еден специјален едукатор и рехабилитатор на неопределено време и двајца воспитувачи во попладневна и во ноќна смена (едниот ученик е сместен во ученичкиот дом на училиштето).

Во однос на трансформацијата преземени се следниве активности: воспоставен е контакт со ПОУ „Св. Климент Охридски“ – Ново Село, пополнет е прашалник и доставен до тоа училиште, проследени се состаноци кои биле во организација на МОН и БРО. Во моментот на доставување на дописот училиштето е во процес на менување на Статутот и во исчекување на дополнителни јасни насоки од МОН за понатамошната улога и работа на ова училиште како училиште со центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

- Во дописот од **ООУ „Св. Климент Охридски“ – Делчево** добиен на 19.04.2021 година е посочено дека во рамки на ова училиште има 5 посебни

паралелки во кои учат вкупно 7 ученици со попреченост, со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор кој е вработен на неопределено време.

Со цел трансформација на посебните паралелки преземени се следниве активности: идентификувани се учениците со потешкотии во учењето и истите се упатени на Стручното тело за функционална проценка по МКФ; остварена е комуникација со родителите на децата, воспоставена е соработка на училиштето со инклузивниот тим на ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево кое припаѓа на реонот во кој ова училиште треба да дава поддршка, доставени биле податоци и информации до ПОУ „Св.Климент Охридски“ – Ново Село кое училиште како ресурсен центар треба да соработува и со ова училиште.

Сегашната улога на посебните паралелки во училиштето е давање помош и поддршка на учениците со попреченост во тек на нивното образование, а идната улога треба да биде воспитание и образование на затекнатите ученици во посебните паралелки, како и давање помош и поддршка во воспитно-образовниот процес на инклузираните ученици во училиштето и во другото основно училиште во нивната општина. Се известува дека на инклузираните ученици ќе им се дава поддршка преку индивидуални третмани и рехабилитација.

Целокупниот процес на трансформација според ова училиште е транспарентен и поддржан од родителите на учениците, наставниците и стручните соработници, со напомена дека наставниците очекуваат дополнителни обуки за работа со учениците со попреченост во инклузивно образование кои сметаат дека се неопходни за непречено инклузирање на учениците со попреченост.

Во насока на поддршка на целокупниот процес на трансформација имаат добиено повеќе насоки од МОН и БРО, преку организирање состаноци, доставување потребни документи и правни акти.

- **ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Македонска Каменица** во одговорот доставен на 08.04.2021 г., посочува дека во рамки на училиштето има една посебна паралелка со само еден ученик, со кој настава реализира еден специјален едукатор и рехабилитатор кој е ангажиран на неопределено работно време. Дополнително во училиштето има други три ученици со попреченост кои следат инклузивна настава.

На процесот на трансформација на посебната паралелка во центар за поддршка на учењето подолг временски период претходеле повеќе активности (состаноци со МОН и БРО, дописи со насоки дадени од МОН).

Училиштето известува дека е во процес на менување на Статутот со цел остварување на идната улога – давање стручна поддршка, материјални и просторни ресурси за инклузираните ученици со попреченост, нивните родители, наставници и асистенти (образовни/лични), како и давање индивидуална поддршка и третман на учениците со комплексни потреби кои ќе следат настава по модифицирана програма, по претходно добиена препорака од стручното тело за функционална проценка.

Оценка на училиштето е дека процесот на трансформација се одвива транспарентно, целокупниот наставен кадар е запознаен и подолг временски период активно вклучен во реализација на настава со ученици со попреченост, кои следат настава согласно ИОП. Дополнително и родителите на учениците биле навремено информирани за целокупниот процес од страна на ова училиште, а во континуитет училиштето добивало насоки од МОН и БРО.

- Во дописот добиен на 27.04.2021 година, **ООУ „Малина Попиванова“ – Кочани** известува за <u>три паралелки за ученици со попреченост, со вкупно 9 ученици, со кои работат двајца специјални едукатори и рехабилитатори и предметни наставници</u> (сите со ангажман на неопределено работно време).

Согласно одговорот, <u>во тек е постапката на трансформација на посебните паралелки во центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост,</u> за што се преземени повеќе активности: разговор со родителите на децата со попреченост и укажување за можноста за нивно вклучување во редовно образование преку упатување на учениците на функционална проценка на Стручното тело.

Училиштето известува дека сé уште нема добиено насоки кои услуги и работни задачи ќе ги има кон учениците со попреченост од посебните паралелки, а кои кон инклузираните ученици со попреченост, освен информацијата дека посебните паралелки како центри за поддршка ќе започнат со работа во учебната 2021/22 година.

Информираат дека инклузијата е процес кој тешко го прифаќаат и наставниците и родителите на децата со попреченост, со напомена дека

учениците со комбинирана попреченост не можат да ја следат наставата во редовното образование.

- **ООУ „Сандо Масев“ – Струмица** во доставениот допис до Народниот правобранител, на 25.05.2021 година известува дека во ова училиште има 3 посебни паралелки, со вкупно 8 ученици (сите со аутизам), со кои работат 3 стручни лица – специјални едукатори и рехабилитатори и истите се на неопределено работно време.

Во правец на трансформација на досегашните посебни паралелки и идното дејствување како центар за поддршка во учењето, имаат остварено информативни средби со стручните служби и директорите на сите основни училишта во општината, посета и обезбедување податоци од инклузивните тимови на општинските училишта во врска со бројот на ученици кои отстапуваат во развојот и во учењето, ресурсите и стручниот капацитет со кој располагаат училиштата, воспоставување на тесна соработка со тие училишта, соработка со МОН и БРО и сл.

Училиштето има изготвено нов Статут во кој се наведени надлежностите, улогата и начинот на делување на идниот центар за поддршка на учењето.

Како што се известува, училиштето и натаму ќе продолжи со настава на ученици со аутизам, поконкретно на оние ученици кои ќе следат настава според модифицирана наставна програма која е наменета за учениците со комплексна попреченост, а во иднина ќе даваат и поддршка на инклузираните ученици со попреченост, инклузивните тимови, наставниците и стручните служби од општинските училишта.

Се планира вработените во сегашните посебни паралелки да добијат поширока улога во заедницата, преку давање стручна поддршка, координација и соработка со инклузивните тимови во општинските училишта, инклузираните ученици, нивните родители и образовни и лични асистенти.

Целокупниот процес на трансформација според училиштето е транспарентен (запознаени се сите инволвирани страни), досега немале ниту еден приговор ниту забелешки, а процесот бил координиран од МОН, преку одржување онлајн состаноци на кои се добиени информации за начинот на функционирање на новиот инклузивен модел на образование.

***2.3. Реон 3***

Согласно Решението, основните училишта од општините: Македонски Брод, Пласница, Кичево, Дебар, Центар Жупа, Дебрца, Струга, Вевчани, Охрид, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Битола, Могила, Новаци, Прилеп соработуваат со ***Основното училиште со ресурсен центар Завод за рехабилитација на деца со оштетување во слух, говор и глас и други проблеми во развојот „Кочо Рацин“ – Битола и со Центрите за поддршка во училиштата:*** ООУ „Санде Штерјоски“ – Кичево за подрачјето на општина Кичево, ООУ „Браќа Миладиновци“ – Струга за подрачјето на општина Струга, ООУ „Климент Охридски“ – Охрид за подрачјето на општина Охрид, ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп за подрачјето на општина Прилеп и ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола за подрачјето на општина Битола.

**Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот „Кочо Рацин“ – Битола според наведеното во Решението го опфаќа Југозападниот и Пелагонискиот регион, во кои, согласно податоците за учебната 2019/20 година има вкупно 82 основни училишта, 37 108 ученици и 176 ученици со посебни образовни потреби.**

Во дописот од ова училиште (добиен на 27.04.2021) е наведено дека изработиле функционална анализа која има за цел да даде реална и целосна слика за подготвеноста на училиштето на краток и на среден рок да ги спроведе неопходните промени, заради подобро вршење на неговата основна дејност, вклучително и потребата од нови вработувања за олеснето преминување кон ресурсен центар.

Ова училиште има изготвено нов Статут според потребите на ресурсниот центар и истиот заедно со функционалната анализа е доставен до МОН за добивање согласност/одобрување. Покрај ова, изработиле прашалник за утврдување на состојбата и потребите за поддршка кои ова училиште треба да ги нуди на основните училишта во реонот 3 кој ќе го опслужуваат (Пелагониски и Југозападен) според Решението. Понатаму, пред најголем дел од училиштата кои ќе ги опслужуваат ја презентирале улогата на училиштето како ресурсен центар со сите функции, карактеристики и услуги, и како што се известува, имаат континуирана соработка со центрите за поддршка и останатите основни училишта од регионот, како и со надлежните од МОН и БРО.

Согласно добиеното известување, моделот на училиште со ресурсен центар го изготвиле врз основа на нивното 75 годишно работно искуство, искуство од терен и согласно Законот за основното образование.

Нивната сегашна, а и идна улога ќе биде давање услуги (рехабилитација, образование, советодавно-консултативни услуги) преку користење современа рехабилитационо-образовна технологија, примена на современи специјализирани методи и форми на работа, чија крајна цел е развивање на способностите на учениците и нивна подготовка за идни корисни и независни членови на заедницата.

Ова училиште има потпишано договори за соработка со сите основни училишта од реонот, во времетраење од 3 години, а дополнително ќе бидат дефинирани акциски планови за нивната соработка, планирање на конкретната поддршка потребна на учениците и родителите/старателите и воспитно-обаразовниот кадар, целите и начините на давање на поддршката, конкретните активности, потребните ресурси/средства, временската рамка на реализација и одговорните лица.

Покрај образовната дејност на ученици со комплексни потреби училиштето ќе продолжи да дава ресурни услуги и тоа:

- во *Одделот за рана и групна рехабилитација и едукација* кој ќе работи со деца од 3-6 години (ран третман, сензорна интеграција, реедукативна терапија);

- во *Одделот за индивидуални рехабилитациски третмани* (слушни и говорни вежби, логопедски третман, отрооптички-плеоптички третман, сензорна стимулација, био-фидбек терапија, Монтесори метод, АБА, арт-терапија и услуги од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и социјален работник);

- во *Одделот за ресурсна служба* која ќе дава поддршка при имплементирање на инклузивно образование на инклузивните тимови и наставниот кадар од основните училишта, давање специјализирани услуги за децата со попреченост, обука и ангажирање на образовни и лични асистенти, ресурсни услуги во заедницата;

- во *Одделот за мобилна служба* кој ќе дава поддршка при имплементирање на инклузивното образование преку давање специјализирани услуги на ученици со попреченост, ресурсни услуги во училиштата, ресурни

услуги во заедницата, поддршка при учење во домашни услови и поддршка на семејствата;

- во *Одделението за наставници*;

- во *Одделот за сместување на ученици* – наменет за ученици со комплексни потреби кои живеат во подалечни места, а ќе следат настава по модифицирана програма во рамки на ова училиште, а ќе можат да ги користат услугите на сместување, исхрана, нега и превентивна здравствена заштита.

Од Заводот известуваат дека Наставничкиот совет е запознаен со целокупниот трансформациски процес, но дека дел од наставниот кадар не ги поддржува овие промени, исто и родителите на учениците кои се противат на идејата нивните деца да се образуваат во редовни училишта. Посочуваат и дека родителите се соочуваат со проблем да закажат термин за проценка на Стручното тело за функционална проценка според МКФ, или термините кои ги добивале биле после 3 до 4 месеци, со што се пробиваат роковите за доставување на барања за образовни асистенти.

Од ресорното министерство ги имаат добиено следниве насоки: да го променат Статутот, да ја спроведат функционалната анализа со потребите за нови работни места и имаат добено Правилник за образовни и лични асистенти. Појаснуваат дека во наредниот период им претстојат активностите: склучување договори со центрите за поддршка и со основните училишта од реонот, како и изработка на Акциски план за соработка.

- **ООУ „Санде Штерјовски“ – Кичево** во доставениот одговор до Народниот правобранител на 19.04.2021 година, појаснува дека во рамки на ова училиште има една паралелка за деца со попреченост со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор кој е на неопределено работно време.

Активностите за трансформација на училиштето во Центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост се одвиваат тековно, а се реализираат согласно закон, барањата, динамиката и насоките дадени од страна на МОН.

Родителите на децата со попреченост навремено се известени за сета потребна документација и уредно се пријавени за проценка во Стручното тело за функционална проценка по МКФ и чекаат термин.

Сите дејствија и активности се спроведувале по насоки на МОН, при што се известува дека нивните ученици се со различни дијагнози, наоди и мислења,

поради што е потребно внимателно да се изврши преминот во редовните паралелки, за да се превенира евентуалното негативно влијание од оваа промена на менталното здравје на учениците. Воедно, истакнуваат дека адаптацијата на новата средина би била отежната како за учениците со попреченост, така и за останатите ученици од редовните паралелки.

- Од **ООУ „Браќа Миладиновци“ – Струга** добиен е допис на 29.04.2021 година, во кој се наведува дека во ова училиште има две паралелки со по 7 ученици кои учат на македонски и албански јазик, а со кои работат специјални едукатори и рехабилитатори вработени на неопределено време.

  Во однос на подготвителните активности за трансформација се информира дека се одржани состаноци со колективот и со сите директори на општинските основни училишта, со цел да се детектираат децата со посебни образовни потреби, како и да се изготват мислења за овие учениците од страна на инклузивниот тим на ова училиште.

  Поддршката на учениците со попреченост од другите училишта, според одговорот, ќе се состои во одржување постојан контакт со инклузивните тимови, подготвување на ИОПи за оние ученици кои досега немале ИОП како и поддршка околу обезбедување на асистенти во наставата.

  Според училиштето, процесот на трансформација не е доволно транспарентен поради пандемијата од Ковид-19, недоволна ажурност на наставниот кадар, и поради одбивање на родителите да ги однесат децата на проценка на Стручното тело за функционална проценка по МКФ.

  Во моментот на доставување на дописот во тек било изготвување на функционална анализа на училиштето и менување на Статутот и добивање на проценки од МКФ, според кои ќе биде испланирана понатамошната работа на центарот за поддршка.

- Во одговорот добиен од **ООУ „Климент Охридски“ – Охрид,** добиен на 16.04.2021 година е наведено дека во ова училиште има 3 посебни паралелки со вкупно 19 ученици со кои работат 3 специјални едукатори и рехабилитатори, од кои двајца се на неопределено време, а еден на определено работно време.

Поддршка на овие деца е обезбедна од страна на училишниот инклузивен тим, како и стручните соработници: специјален едукатор и рехабилитатор, педагог и психолог.

Училиштето известува дека се во тек активности за измена на Статутот на училиштето, имаат изготвено методологија за функционална анализа на наставниот кадар и стручните соработници, испратени се барања за функционална проценка до МКФ, а во континуитет се реализира соработка со останатите општински основни училишта на територијата на општина Охрид, како и со Заводот за рехабилитација „Кочо Рацин“ – Битола, МОН и БРО, преку организирани средби, обуки, консултативни состаноци.

Родителите на децата со попреченост кои следат настава во посебните паралелки не се согласни нивните деца да преминат во инклузивна настава, односно да следат наставата во редовни паралелки.

Останатите општински училишта ги доставиле барањата за сите потребни услуги до ова училиште како иден центар за поддршка на учењето на инклузираните ученици со попреченост и во таа насока од училиштето појаснуваат дека врз основа на нивните побарувања ќе се изготви годишен план за поддршка кој ќе се достави до општинските основни училишта.

Ова училиште како центар за поддршка во учењето покрај образовната дејност на учениците со комплексни потреби, ќе дава и сервисни услуги за поддршка на инклузираните ученици со попреченост, стручна поддршка/обука на воспитно-образовниот кадар од основните училишта за работа со ученици со определена попреченост, поддршка при учење во домашни услови и поддршка на семејствата на децата со попреченост.

Вработените наставници (специјални едукатори и рехабилитатори) на неопределено време во посебните паралелки во ова училиште ќе продолжат да ја реализираат воспитно-образовна работа со оние деца чии родители не даваат согласност да бидат инклузирани во редовните паралелки, а кога овие деца ќе завршат со образованието ќе престане потребата за изведување на наставна работа и ќе се трансформираат нивните работни ангажмани и понатаму тие ќе обезбедуваат поддршка на ученици со попреченост во општинските основни училишта и на сите чинители вклучени во образовниот процес во Охрид и Дебарца. Наставничкиот совет на училиштето е во тек со

целокупниот процес на трансформација и споделени се сите насоки добиени од МОН во однос на процесот со сите вработени.

- **ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп** достави допис на 19.04.2021 година, во кој е нотирано дека во рамки на ова училиште има 8 паралелки со вкупно 27 ученици со попреченост, со кои работат 7 специјални едукатори и рехабилитатори (сите на неопределено работно време) и 2 предметни наставници.

Во насока на трансформација преземени се активности за промена на Статутот на училиштето, а во врска со постојните посебни паралелки, во тек е усогласување со МОН во однос на прашања кои се однесуваат на улогата на посебните паралелки во поддршка на инклузивните тимови во општинските основни училишта во Прилеп и инклузираните ученици во овие училишта.

Целиот процес на трансформација, според одговорот од ова училиште е транспарентен и се известува дека се одржани повеќе онлајн состаноци со претставници од МОН.

- Во дописот добиен од **ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола,** на 14.04.2021 година е наведено дека ова училиште има 9 посебни паралелки, во кои се едуцираат 38 ученици со кои работат вкупно 12 специјални едукатори (од кои 9 на неопределено време, 3 на определено време).

Преземени се повеќе мерки и дејствија во насока на трансформација, меѓу кои училиштето ги набројува следните: била изработена програма за работа на Центарот за поддршка на учењето на учениците со попреченост, поставена е табла со ознака за Центарот, биле изработени лого и флаери со информации за работата на Центарот кои биле дистрибуирани до сите основни општински училишта во општина Битола. Понатаму, бил формиран училишен инклузивен тим составен од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и одделенски наставник, предметен наставник и двајца родители, формирани се инклузивни тимови за сите ученици со попреченост чија задача е изготвување ИОП за секој ученик.

Во моментот на доставување на дописот Статутот на училиштето сé уште не бил променет, но се преземале активности во таа насока.

Од училиштето се известува дека посебните паралелки при ова училиште располагаат со 9 опремени училници, една занимална која служи за реализирање на дневен престој, сензорна соба и логопедски кабинет, и во

иднина овие простории ќе се користат како стручни кабинети каде ќе се изведуваат рехабилитациско-корективни третмани.

Вработените стручни лица од посебните паралелки ќе обезбедуваат поддршка при имплементирање на инклузивното образование за територија на општина Битола во следниве области:

- воспитно-образовна дејност за ученици со комплексни потреби кои ќе следат настава по модифицирана програма согласно препораките на Стручното тело за функционална проценка;

- специјализирани услуги за сите инклузирани ученици во основните општински училишта.

Специјалните едукатори и рехабилитатори со статут на неопределено време кои во моментот се распределени на работни задачи наставник во посебните паралелки, наставник во дневен престој, логопед, во иднина ќе ја реализираат модифицираната програма и кабинетската настава во Центарот за поддршка, но ќе бидат и распределени со работни задачи и во основните општински училишта како дел од инклузивните тимови на истите на територијата на општина Битола, а за што ќе имаат претходно потпишано договор во времетраење од три години.

Според училиштето, досегашниот процес на трансформација се одвива транспарентно и истиот е поддржан од наставниот кадар, стручните соработници и родителите на учениците со попреченост, а е насочуван од страна на МОН.

### *2.4. Реон 4*

Согласно Решението, основните училишта од општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане, Куманово, Липково, Центар, Гази Баба, Бутел, Чаир, Шуто Оризари, Зелениково, Петровец, Илинден, Арачиново, Чучер Сандево, соработуваат со ***Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ – Скопје и со Центрите за поддршка во училиштата:*** ООУ „Кочо Рацин“ – Кратово за подрачјето на општина Кратово, ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово за подрачјето на општина Куманово, ООУ „Ристо Крле“ – Илинден, ООУ „Гоце Делчев“ – Илинден и ООУ „Браќа Миладиновци“ – Илинден за подрачјето на општина Илинден, ООУ „Кочо Рацин“ – Петровец, ООУ „Вера Јоциќ“ – Гази Баба, ООУ „Стив Наумов“ – Гази Баба, ООУ „25 Мај“ –

Гази Баба и ООУ „Његош“ – Колонија – Идризово  за подрачјето на општина Гази Баба и ООУ „Герг Кастриот“ – Арачиново за подрачјето на општина Арачиново.

**ПОУ „Иднина“ – Скопје според наведеното во Решението го опфаќа Североисточниот и дел од Скопскиот регион, во кои има вкупно 78 основни училишта, 50 215 ученици и 167 ученици со посебни образовни потреби (наведеното се однесува за учебната 2019/20).**

Во доставениот одговор од ова училиште добиен на 20.04.2021 година, се известува дека заради трансформација на училиштето во основно училиште со ресурсен центар направена е анализа на состојбата, внатрешната организација, капацитети (човечки и материјални), предизвици, можности, потреби од модернизација на просторно-техничките услови за работа, видот и степенот на попреченост на учениците според наодот и мислење добиен од Завод за ментално здравје – Скопје за територијата на реон 4 за кој ќе даваат поддршка.

Исто така, известуваат дека извршена е анализа на потребите за поддршка на инклузираните учениците, како и анализа на формалните и неформалните квалификации на вработените и потребата од дополнителни обуки.

Во учебната 2019/20 бил формиран Тим за соработка на посебното училиште со основните редовни училишта, соработка со локални здруженија и институции, вклучување во европски образовни мрежи со цел размена на позитивни искуства. Во текот на 2020/21 година бил донесен Статут на основното училиште со ресурсен центар „Иднина“.

Од страна на ова училиште бил спроведен прашалник до општинските основни училишта од реонот 4, со цел проценка на состојбата во однос на бројот на училишта, јазикот на кој се реализира наставата, информираноста на општинските училишта со законските одредби, вкупниот број на ученици, бројот на ученици со потешкотии во учењето, опременоста на училиштата со ресурси/ материјали/простории, структурата на стручните служби, потребата од асистенти (образовни и лични) и очекувањата од соработката со основното училиште со ресурсен центар.

Согласно добиениот одговор, сегашната улога на ова училиште - воспитание и образование на ученици со попреченост, продолжува и во

наредниот период (согласно Законот за основното образование во ова училиште ќе се запишуваат ученици заклучно со учебната 2022/23 година) и истите ќе следат настава според Наставен план и програми на предлог на Бирото за развој на образованието. Идната, пак, улога на училиштето со ресурсен центар ќе биде:

1. *Воспитание и образование на ученици со посебни образовни и комплексни потреби*
   - задолжителна настава (одделенска и предметна, дополнителна/ додатна, продолжен и дневен престој);
   - воннаставни активности.
2. *Ресурсни услуги и поддршка на инклузивното образование*

   - поддршка и индивидуален третман и рехабилитација на деца со посебни образовни потреби во ран детски развој (предучилишно) воспитание и образование согласно Стручното тело за функционална проценка;

   - образование на ученици со комплексни потреби кои ќе следат настава според модифицирана програма во основното училиште со ресурсен центар, а согласно препораката од Стручното тело за функционална проценка по МКФ;

   - поддршка при учење во домашни услови.
3. *Специјализирани услуги достапни за сите ученици со пореченост без разлика на училиштето кое го посетуваат*
4. *Престој и грижа на деца во сите нивоа на образование*
5. *Поддршка на лица над 18 години* – професионална рехабилитација и ориентација, оспособување и вклучување на пазарот на труд
6. *Едукација и координација*
   - избор, обезбедување и обука на образовни асистенти;
   - поддршка на инклузивните тимови во општинските училишта;
   - стручна поддршка/обука и координација на кадарот од предучилишните установи;
   - обука/советување на семејствата на децата со попреченост;
   - ресурсни услуги во заедницата;
   - поддршка во изработка на дидактички и наставни материјали;
   - обезбедување на превоз на ученици.

Од страна на ова училиште се известува дека подрачните паралелки кои во својот состав ги имало ова училиште, прераснуваат во центри за поддршка на учењето на ученици со попреченост, по принципот на територијална близина. Нивната улога ќе биде во насока на стручна поддршка на инклузивните тимови од училиштата во кои функционираат. При тоа, начинот на соработка помеѓу овие центри за поддршка и основните училишта во кои истите се наоѓаат е уредено со посебен акт – *Упатство за соработка помеѓу основното училиште со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и другите основни училишта,* донесен од министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Според одговорите, вработените на неопределено време продолжуваат со работа во ова училиште и нивните работни задачи ќе бидат согласно горенаведената улога и дејност на основното училиште со ресурсен центар.

Инаку, целокупниот процес на трансформација е поддржан и транспарентен за наставниот кадар, стручните соработници и родителите на учениците, кои се редовно информирани преку состаноците на Наставничките совети, Стручниот актив, Советот на родители, Училишниот одбор, индивидуалните средби, формални и неформални состаноци, а дека истиот бил координиран и насочуван од страна на Министерството за образование и наука.

- Во дописот од **ООУ „Кочо Рацин“ – Кратово** добиен на 28.04.2021 година е нотирано дека во рамки на училиштето има една паралелка со 5 ученици, со кои работи еден специјален едукатор и рехабилитатор и предметни наставници од кои сите се со неопределен работен статус, а само еден е ангажиран на определено работно време.

Од ова училиште се известува дека не се преземени никакви активности во насока на трансформација, бидејќи сé уште немаат добиено решение или одлука дека ова училиште би било трансформирано во Центар за поддршка. Како што се известува, инклузираните ученици во ова училиште следат настава по ИОП, а со нив работат одделенски наставници. Дел од нив имаат и образовни асистенти кои се вклучени преку проект на општинско-корисна работа, но не сите ученици имаат асистенти.

Родителите на учениците од паралелката за ученици со попреченост се запознаени со новата функционална проценка по МКФ, но сите родители се

изјасниле дека сакаат нивните деца да продолжат да учат во оваа посебна паралелка и дека не сакаат да ги однесат на проценка кај Стручното тело за функционална проценка по МКФ.

Исто така известуваат дека биле одржани 2 состаноци на кои им биле разјаснети извесни прашања во врска со активностите кои престојат и дека им им биле дадени насоки со цел промена на Статутот на училиштето и трансформирање на посебните паралелки во центри за поддршка.

- **ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово** достави допис на 15.04.2021 година, во кој наведува дека во ова училиште има 9 паралелки со вкупно 41 ученик со попреченост со кој работат 7 специјални едукатори и рехабилитатори, логопед, наставник по македонски јазик со дефектолошка доквалификација и наставници за техничките предмети, сите вработени на неопределено време.

Информираат дека направени се измени и дополнување на Статутот на ова училиште, како и дека спровеле прашалник за состојбата и потребите за поддршка од страна на ПОУ „Иднина“ - Скопје за скопскиот и североисточниот регион.

Сегашна улога е воспитно-образовна дејност на ученици со попреченост со која ќе продолжат и во иднина, односно ќе запишуваат ученици со попреченост по препорака на Стручно тело за функционална проценка до учебната 2022/23 година, а потоа ќе преминат во центар за поддршка на учењето на учениците со попопреченост.

Како што се наведува во одговорот, во иднина преку вклучување на стручни лица од ова училиште и искористување на ресурсите ќе обезбедува поддршка при имплементирање на инклузивното образование во следниве области:

- образование на ученици со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес дел од модифицираната програма да ја следат во центарот за поддршка, а согласно со препораката од Стручното тело за функционална проценка,

- учениците кои ќе следат настава по модифицирана програма во ова училиште ќе развиваат вештини за живеење, водење грижа за себе,

- ќе даваат поддршка на инклузираните ученицисогласно нивните потреби, преку користење на материјалните и човечките ресурси,

- ќе реализираат настава со учениците со попреченост кои ќе бидат вклучени во посебните паралелки (како и до сега).

Според училиштето, целокупниот процес на трансформација е максимално транспарентен и сите информации се споделуваат со колективот како и со советот на родители. До сега од МОН ги имаат добиено сите документи, подзаконски акти и правилници кои го уредуваат инклузивното образование.

- Во дописот добиен на 21.04.2021 година од **ООУ „Ристо Крле“ - Илинден** се известува дека во ова училиште нема посебни паралелки, има само еден ученик со попреченост кој следи редовна настава за кој бил побаран асистент, но не бил доделен. Во ова училиште нема вработен специјален едукатор и рехабилитатор, а има само еден стручен соработник – психолог. Во работата на инклузивниот тим на училиштето стручна поддршка добиваат од ПОУ „Иднина“ - Скопје.

- **ООУ „Гоце Делчев“ – Илинден** достави одговор до Народниот правобранител (на 28.04.2021), во кој е нотирано дека ова училиште има склучено договор со ПОУ „Иднина“ - Скопје за користење на училишните простории и во моментот на доставување на одговор има една посебна паралелка со двајца ученици, со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор кој е на неопределено работно време.

Во врска со активностите за трансформација се известува дека формиран бил училишен инклузивен тим и реализирани се повеќе работни состаноци. Досегашната улога е воспитно–образовна, додека пак, идната би била советодавна, како и поддршка на учениците, нивните семејства и наставниците, доделување на образовни асистенти и соработка со инклузивниот тим.

Ова училиште ќе обезбеди просторни, кадровски услуги и дидактички средства како и материјали за реализација на наставата.

- Во одговорот од **ООУ „Браќа Миладиновци“ – Илинден,** добиен на 20.04.2021 година, се известува дека нема посебни паралелки, а има 2 деца со попреченост кои следат редовна настава за кои биле побарани асистенти, но не биле обезбедени. Во ова училиште нема специјален едукатор и рехабилитатор, а има само еден стручен соработник – психолог. Во работата

на инклузивните тимови за овие ученици добиваат поддршка од ПОУ „Иднина“ - Скопје.

- **ООУ „Кочо Рацин“ – Петровец** (одговор добиен на 16.04.2021) и **ООУ „Вера Јоциќ“ – Гази Баба** (одоговор добиен на 20.04.2021) известија дека во рамки на овие училишта нема посебни паралелки, додека **ООУ „Стив Наумов“ – Гази Баба** воопшто не достави одговор до Народниот правобранител.

- Во дописот од **ООУ „25 Мај“ - Гази Баба, добиен на** 27.04.2021 година се известува дека во ова училиште има една посебна паралелка која е подрачна паралелка на ПОУ „Иднина“ – Скопје, која има 4 ученици со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор вработен на неопределено време.

Во поглед на трансформацијата, информираат дека биле одржани неколку состаноци со претставници на МОН и ПОУ „Иднина“ со цел добивање насоки и информации од нивна страна. Од МОН добиле правилници кои го уредуваат инклузивното образование.

Услугите кои треба да бидат обезбедени од центрите за поддршка на учењето се однесуваат на поддршка на учениците со попреченост во општинските основни училишта и на сите чинители вклучени во образовниот процес, олеснување на пристапот до образование и обука на учениците со попреченост во насока кон стекнување вештини за независно живење и вработување.

Според одговорот од училиштето, има наставници и родители кои не ја поддржуваат оваа трансформација на училиштето.

- **ООУ „Његош“ – Идризово, Гази Баба** во дописот доставен на 19.04.2021 година, информира дека во рамките на ова училиште постои посебна паралелка која е подрачна паралелка на ПОУ „Иднина“ – Скопје, но која од одредени причини е ставена во мирување. **ООУ „Ѓерѓ Кастриот“ – Арачиново** не достави одговор до Народниот правобранител.

### *2.5. Реон 5*

Согласно наведеното во Решението, основните училишта од општините: Јегуновце, Теарце, Тетово, Желино, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Маврово и Ростуше, Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Ѓорче Петров,

Сарај, Сопиште, Студеничани, соработуваат со ***Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ - Скопје и со Центрите за поддршка во училиштата:*** ООУ „Андреја Савевски - Кикиш“ – Тетово и ООУ „Лирија“ – Тетово за подрачјето на општина Тетово, ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ – Гостивар и ООУ „Исмаил Ќемали“ – Гостивар за подрачјето на општина Гостивар, ООУ „Симче Настовски“ с.Вратница – Јегуновце за подрачјето на општина Јегуновце, ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ – Кисела Вода, ООУ „Александар Македонски“ – Кисела Вода и ООУ „Кузман Шапкарев“ – Кисела Вода за подрачјето на општина Кисела Вода, ООУ „Вера Циривири Трена“ – Карпош за подрачјето на општина Карпош, ООУ „Страшо Пинџур“ – Ѓорче Петров, ООУ „Ѓорче Петров“ – Ѓорче Петров за подрачјето на општина Ѓорче Петров, ООУ „Дитурија“ – Сарај за подрачјето на општина Сарај и ООУ „Наим Фрашери“ – Студеничани за подрачјето на општина Студеничани.

**ПОУ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје, според наведеното во Решението го опфаќа Полошкиот и дел од Скопскиот регион, а согласно податоците за учебната 2019/20 година, во овие региони има вкупно 96 основни училишта, 58 913 ученици и 338 ученици со посебни образовни потреби.**

Во дописот од ова училиште, добиен на 23.04.2021 година, се информира дека <u>училиштето во учебната 2020/21 година работело според Годишна програма и Развојна програма како стратешки документ во која внимателно се испланирани активности кои ќе овозможат успешна трансформација од посебно училиште во основно училиште со ресурсен центар</u>. Согласно Решението, ова училиште треба да дава поддршка на голем број училишта и ученици, што според училиштето е голем предизвик, и придонесува за подигнување на квалитетот на инклузивното образование.

Понатаму, од ова училиште се известува <u>дека имаат воспоставено контакт со сите училишта од реонот на кои ќе даваат поддршка,</u> со доставување анкетен прашалник до сите општински училишта со цел утврдување на состојбите и потребите за поддршка кон училиштата. Како што информираат од училиштето, сакале да испитаат на колку ученици ќе им биде потребна поддршка, дали имаат вработен специјален едукатор и рехабилитатор, дали имаат оформено инклузивни тимови, дали учениците со попреченост имаат образовни/лични асистенти, колку образовни/лични

асистенти во иднина ќе бидат потребни, со какви материјални и просторни услови располагаат училиштата со цел адаптација на една просторија во ресурсна просторија за учениците со попреченост.

Следствено, училиштето спровело функционална анализа за создавање на предуслови за усвојување на новиот начин на работење, подобрување на ефективноста на училиштето и ревизија на постоечките процедури, проценка на потребните просторни, финансиски и човечки ресурси, идентификување на нови функции и компетенции, со цел проширување на дејноста на училиштето. Заклучок кој произлегол од спроведената анализа е дека е потребно менување на внатрешната организација на училиштето, како и дека е потребно менување на систематизираните работни места (поради зголемените надлежности и зголемување на бројот на вработени во иднина поради вклучување на образовните и личните асистенти кои ќе бидат регрутирани преку ова училиште за потребите на инклузираните ученици со попреченост од основните училишта од реонот 5).

Училиштето има изготвено нов Статут на основно училиште со ресурсен центар, за што има добиено согласност од надлежното министерство, а промената на називот и дејноста на училиштето е извршена и во Централен регистар на РСМ.

За создавање на оптимални услови во процесот на трансформација, училиштето работи на алокација на човечки, просторни и технички ресурси, зајакнување на професионалните и личните компетенции на кадарот и развој на специјализирани услуги кои ќе ги испорачува во и надвор од училиштето, а согласно Концепцијата за инклузивно образование.

Услугите кои ова училиште ќе ги обезбедува кон инклузираните ученици со попреченост се:

1. *Одделение за воспитание и образование на ученици со посебни образовни и комплексни потреби*
   - Задолжителна настава (одделенска и предметна, дополнителна/ додатна, продолжен и дневен престој) и вонnаставни активности;
   - Образование на ученици со комплексни потреби кои ќе следат настава според модифицирана програма, а согласно препораката од Стручното тело за функционална проценка по МКФ);
   - Поддршка при учење во домашни услови.

2. *Специјализирани услуги за рехабилитација*
   - Сензорна интеграција, стимулација, музико-терапија, арт-терапија, окупациона терапија, психомоторна реедукација, Монтесори педагогија, физикална терапија, корективна гимнастика, логопедски третман, услуги од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и социјален работник;
   - Поддршка на лица над 18 години преку професионална ориентација и рехабилитација, оспособување и вклучување на пазар на труд.
3. *Одделение за едукација и координација*
   - избор, обезбедување и обука на образовни асистенти;
   - поддршка на инклузивните тимови во општинските училишта;
   - стручна поддршка/обука и координација на кадарот од предучилишните установи;
   - обука/советување на семејствата на децата со попреченост;
   - ресурсни услуги во заедницата;
   - поддршка во изработка на дидактички и наставни материјали;
   - обезбедување на превоз на ученици.

Во однос на работните задачи на <u>вработените на неопределно време</u> се информира дека <u>дел ќе продолжат да ги извршуваат работните обврски во Одделението за воспитание и образование на ученици со посебни образовни и комплексни потреби, а дел во Одделението за едукација и координација или ќе даваат специјализирани услуги за рехабилитација.</u>

Според училиштето, целокупниот процес на трансформација е транспарентен и поддржан од наставниот кадар, стручните соработници и родителите на учениците, преку редовно одржување на состаноци на Одделенски и Наставнички совет, Стручен актив и Совет на родители.

Во однос на добиените насоки од ресорното министерство, даваат информација дека им биле споделени сите изготвени подзаконски акти, следствено претстојат обуки за обучувачи за образовни и лични асистенти, формирање на Комисија за избор и селекција на асистентите и формирање на тим за координација на нивната работа. Дополнуваат дека во тек е изготвувањето на опис на работните задачи за специјалните едукатори и рехабилитатори во ресурниот центар, односно во општинските училишта каде ќе даваат поддршка, кој треба да го добијат од МОН.

Информираат дека сите досегашни преземени активности во врска со трасформацијата на училиштето во ресурсен центар се во согласност со насоките добиени од МОН и дека немале проблеми во досегашната соработка со оваа институција, а училиштето било вклучено во изработката на сите поважни документи и подзаконски акти и редовно се одржувале и координативни состаноци со претставници од министерството, како и Бирото за развој на образованието.

- Во дописот од **ООУ „Андреја Савески – Ќиќиш“ – Тетово,** добиен на 13.04.2021 година, се информира дека ова училиште има 2 посебни паралелки со вкупно 11 ученици, со кои работат 2 специјални едукатори и рехабилитатори, 3 предметни наставници, 1 психолог, 1 педагог на неопределено време како и 1 предметен наставник вработен на определено време.

Трансформацијата е започната, во координација со МОН, и во таа насока биле одржани неколку состаноци и со ПОУ „д-р Златан Сремец“ - Скопје. Воедно, известуваат дека ги информирале родителите на нивните ученици и врз основа на изготвените правни акти (Правилници, Концепцијата за инклузивно образование) го започнале процесот за правење проценка од страна на Стручното тело за функционална проценка по МКФ.

Сегашната улога на постојните посебни паралелки е работа со учениците со адаптирани наставни програми, додека идната улога ќе биде со проширена дејност која вклучува поддршка во инклузивниот тим, помош при изработка на ИОПи, помош при адаптација на училишната средина, поддршка на родители, работа со модифицирани програми како и обезбедување на рехабилитациски третман.

Со учениците кои веќе следат настава во посебните паралелки ќе се продолжи со воспитно-образовниот процес, и како што информираат задачите на вработените во иднина ќе бидат давање поддршка на инклузираните ученици преку советодавна, рехабилитациона и воспитно-образовна работа.

Целокупниот процес на трансформација, според ова училиште е транспарентен и целосно поддржан од колективот како и од родителите.

- Во краткиот допис доставен до Народниот правобранител на 16.04.2021 од **ООУ „Лирија“ – Тетово** се информира дека во рамки на ова

училиште има 3 комбинирани паралелки за деца со попреченост (вкупно 28 ученици) и дека истите ќе продолжат со работа како центри за поддршка.

- **ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ – Гостивар** во одговорот од 20.04.2021 година наведе дека има една посебна паралелка со вкупно 5 ученици со кои работат специјален едукатор и рехабилитатор и предметни наставници (дел се со неопределено, а дел со определено работно време). Заклучно со учебната 2022/23 година, во ова училиште може да се запишуваат ученици со попреченост, но со согласност од родителите учениците имаат можност да преминат во инкулзивно образование.

Сегашната улога на посебната паралелка е реализирање на настава, а во иднина улогата ќе и биде центар за поддршка на инклузивното образование, што ќе се состои во изготвување на ИОПи, изготвување на модифицирана програма, давање информации и насоки за работа на наставниот кадар, следење на напредокот на инклузираните ученици.

Во досегашниот процес на трансформација биле организирани состаноци, биле прибирани податоци и биле добиени насоки од МОН. Сите информации биле споделени со родителите на учениците и им било посочено дека децата треба да се однесат на функционална проценка на Стручното тело за проценка по МКФ.

- **ООУ „Исмаил Ќемали“ – Гостивар,** со допис од 14.04.2021 година го извести Народниот правобранител дека во рамки на ова училиште има две посебни паралелки со кои работат еден специјален едукатор и рехабилитатор со неопределено работно време и еден одделенски наставник со определено работно време. Во досегашниот период немале соработка со ПОУ „д-р Златан Сремец“ но во иднина се налага потребата од взаемна соработка. Од страна на училиштето се известува дека во периодот на доставување на дописот нема добиено информации, ниту насоки во врска со процесот на трансформација.

- **ООУ „Симче Настовски“ с.Вратница – Јегуновце,** во одговорот добиен на 29.04.2021 година наведува дека до учебната 2019/20 година постоела една посебна паралелка со еден ученик со попреченост кој таа година го завршил своето образование, па така во учебната 2020/21 година, посебната паралелка не функционирала, бидејќи немала ученици.

За време на функционирањето на посебната паралелка еден специјален едукатор и рехабилитатор (на неопределено време) реализирал настава согласно прилагодени наставни програми.

Процесот на трансформација на посебната паралелка во Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост, е започнат и се уште трае и дополнуваат дека се доцни со донесување на подзаконските акти поради Ковид пандемијата.

Од страна на училиштето во иднина ќе се дава поддршка на учениците со посебни образовни потреби кои се инклузирани, односно ќе им бидат понудени материјални и човечки ресурси со кои располага училиштето.

Специјалниот едукатор ќе работи на образование на ученици со попреченост кои ќе следат настава по модифицирани програми, ќе обезбедува специјализирани услуги кои ќе бидат достапни за сите деца со посебни образовни потреби, како и давање поддршка на учениците и нивните родители.

Целокупниот процес на трансформација се оценува како транспарентен и поддржан од колективот и родителите, а за соработката и насоките добиени од надлежното министерство се изјаснуваат дека до моментот на доставување на дописот, училиштето ги има добиено дотогаш донесените подзаконски акти, а дополнително биле одржани неколку средби со претставници на МОН и директорите на училиштата со ресурсен центар.

- Во дописот добиен на 23.04.2021 година од **ООУ „Кузман Јосифовски Питу" – Кисела Вода,** е наведено дека во училиштето има две посебни паралелки со вкупно 8 ученици со кои работат двајца специјални едукатори и рехабилитатори кои се со ангажман на неопределено време и еден предметен наставник кој има дефектолошка доквалификација и истиот е со ангажман на определено време.

Од страна на училиштето се известува дека се преземени следниве активности во насока кон трансформација на посебните паралелки: остварени се онлајн средби со претставници на МОН и БРО и ПОУ „д-р Златан Сремец", донесена е одлука за формирање на центар за поддршка на учењето за деца со попреченост, преземени се подготвителни активности за спроведување анализа на компетенциите на стручниот кадар, материјално-техничките и просторните капацитети, со цел изготвување модел и форма за давање на услугите кон другите општински основни училишта со кои Центарот за

поддршка ќе соработува во иднина, како и подготвителни активности за промена на Статутот.

Училиштето известува дека до сега посебните паралелки немале соработка со други општински училишта, но дека во иднина нивната улога ќе биде градење на капацитети за развој и подобрување на инкулзивната клима и обезбедување на сеопфатна систематска поддршка. Имено, во рамки на ова училиште во иднина ќе се реализираат специјализирани третмани и рехабилитација на ученици со попреченост, како и дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби. Од друга страна, овој центар за поддршка ќе има и консултативна улога насочена кон воспитно-образовниот кадар, образовните и личните асистенти, родителите/ старателите на инклузираните ученици.

Училиштето појаснува дека тргнувајќи од законски определениот рок за запишување ученици со попреченост до учебната 2022/23 година, во следните 9-10 години веќе постоечките посебни паралелки ќе ја задржат образовната улога, а ќе биде воспоставена и соработка со сите училишта кои имаат потреба од помош и поддршка на инклузирани ученици, особено деца со оштетен слух согласно потребите на учениците ќе им биде давана и советодавна-стручна поддршка.

Од училиштето дополнуваат дека процесот на трансформација е поддржан од наставниот кадар, стручната служба, како и од родителите на веќе запишаните ученици и дека од надлежното министерство добиле насоки во насока на трансформацијата, преку добивање на изготвените подзаконски акти.

- Во кусиот допис добиен од **ООУ „Александар Македонски“ - Ново Лисиче** (на 26.04.2021), известија дека во учебната 2020/21 немале формирано посебна паралелка и дека одговорите на сите прашања во врска со посебните паралелки треба да ги побараме од ПОУ „д-р Златан Сремец“ - Скопје. На сличен начин се произнесе и **ООУ „Кузман Шапкарев“ – Драчево** (преку допис добиен на 19.04.2021) во кој информираа дека посебните паралелки кои функционираат во ова училиште се во состав на ПОУ „д-р Златан Сремец“.

- **ООУ „Вера Циривири Трена“ – Карпош,** во дописот доставен до Народниот правобранител на 16.04.2021 г., информира дека во рамки на ова

училиште има една посебна паралелка во која учат 4 ученици со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор кој е ангажиран на неопределено работно време и кој е вработен во ПОУ „д-р Златан Сремец“. Дополнија дека наставниот кадар од ова училиште во континуитет следи обуки за работа со ученици со попреченост, се вклучува во проекти преку кои реализираат разни активности со учениците со попреченост.

- **ООУ „Страшо Пинџур“ – Ѓорче Петров, Скопје,** во дописот доставен на 15.04.2021 година, и **ООУ „Ѓорче Петров“ – Ѓорче Петров, Скопје** во одговорот добиен на 21.04.2021 година, кратко известија дека за сите побарани информации надлежно е ПОУ „д-р Златан Сремец“ – Скопје.
- **ООУ „Дитурија“ – Сарај** и **ООУ „Наим Фрашери“ – Студеничани** не доставија податоци до Народниот правобранител.

### *2.6. Анализа на одговорите добиени од Министерство за образование и наука (МОН)*

Министерството за образование и наука во дописот доставен до Народниот правобранител на 18.05.2021 година, информира дека интензивно работи на обезбедување квалитетно образование за сите ученици, нагласувајќи ја важноста на инклузивното образование.

Притоа, за потребите на процесот на трансформација на посебните училишта во основни училишта со ресурсен центар и посебните паралелки во центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост биле одржани неколку редовни состаноци, на кои се дадени насоки на училиштата како треба да постапат за да го спроведат процесот на трансформација.

Министерството информира дека согласно Законот за основно образование ги донеле следниве подзаконски акти:

1. Концепција на инклузивно образование;
2. Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и другите основни училишта;
3. Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент;
4. Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на селекција и изборот на образовен/личен асистент;

5. Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост;
6. Решение за реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

Исто така, се информира дека Водичот за работа на училишниот инклузивен тим е ревидиран и поставен на веб-страницата на Министерството.

Во однос на улогата на основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост се објаснува дека тие и понатаму ќе даваат придонес во воспитно-образовниот процес на учениците со комплексни потреби, но ќе имаат и дополнителна улога во поддршка на редовните училишта и сите чинители вклучени во истите. Училиштата со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето ќе ја поддржуваат инклузијата на децата со посебни образовни потреби преку олеснување на пристапот до образование и обука, преку обезбедување специјализирани услуги во заедницата, поддршка на вработување и независно живеење.

Според одговорот од МОН, училиштата со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето би имале двојна улога во своето работење: од една страна ќе продолжат со својата традиционална специјализирана улога, односно обезбедување воспитно-образовна дејност за учениците со комплексни потреби, за кои вклучувањето во таа средина е во нивен најдобар интерес, а е согласно препораките од стручните тела за функционална проценка. Овие ученици ќе следат дел од модифицираната програма во училиштата со ресурсен центар или во центрите за поддршка на учењето каде ќе развијат вештини за живеење, водење грижа за себе, развој на говор, вештини за комуникација и емоционален развој.

Од друга страна, имајќи ги предвид нивните материјални, просторни и човечки ресурси ќе претставуваат ресурсни центри кои ќе ги поддржуваат училиштата што е една од најзначајните алки за успешна инклузија.

Имено, училиштата со ресурсен центар и центрите за поддршка во учењето покрај образовната дејност ќе вршат и сервисни услуги за: координација на образовни и лични асистенти, обезбедување специфични дидактички наставни средства за училиштата, ориентација и мобилност во просторот, употреба на знаковен јазик, користење асистивна технологија,

користење Брајова азбука/машина/компјутер, мобилна служба на ресурсни специјални едукатори и рехабилитатори, поддршка на учениците кои се вклучени во училиштата, давање стручна помош на наставниците од основните училишта за работа со ученици со определена попреченост, работа во домашни услови на ученикот и поддршка на семејството, рехабилитациски третмани (логопедски третмани, сензорна стимулација, арт терапија, Монтесори метод и сл.), стручна обука/квалификација/доквалификација за возрасни лица со попреченост, професионална рехабилитација и ориентација-оспособување и вклучување на пазарот на трудот.

Во одговорот од Министерството за образование и наука се појаснува дека процесот на трансформација се води транспарентно преку вклучување на самите училишта во овој процес и преку одржување на редовни состаноци со соодветно насочување за постапување на училиштата.

Воедно, се информира дека биле направени измени во Статутите на основните училишта со ресурсен центар и изготвени се и функционални анализи согласно новите улоги кои ќе ги имаат. Исто така, биле направени измени и во Статутите на општинските основни училишта кои во својот состав имаат посебни паралелки кои ќе преминат во центри за поддршка во учењето на учениците со попреченост, како и изготвување на функционални анализи согласно новите улоги што ќе ги имаат.

Инаку, покрај состаноците кои ги реализирале со основните училишта, одржале состаноци и со општините, со родителите и родителски организации со цел запознавање со подзаконските акти кои се однесуваат на инкулзивното образование, на кои се разгледувале и дискутирале одредени прашања.

Министерството за образование и наука во моментот на доставување на одговор информира дека во план е спроведувањена обуки за наставниот кадар, стручните соработници и инклузивните тимови во училиштата, на теми поврзани со инклузивното образование, како и обука за тренери на образовни асистенти.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Од одговорите на училиштата, како и Министерството за образование и наука Народниот правобранител го утврди следното:

- Во учебната 2020/21 година посебните училишта и посебните паралелки при општинските основни училишта не започнале со работа како основни училишта со ресурсни центри, односно како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост, а причина за истото е доцнењето со донесување на подзаконските акти поврзани со нивната трансформација.
- Со активности за трансформација е започнато во текот на 2020/21 година и истите се состоеле во споделување информации, релевантни документи и давање насоки, а во координација од страна на Министерството за образование и наука.
- Сите посебни училишта и дел од училиштата во кои функционираат посебните паралелки го промениле Статутот, а дел од општинските училишта се во процес на менување на Статутот и во исчекување на дополнителни јасни насоки од ресорното министерство за понатамошната улога и работа како училишта со центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.
- Целокупниот процес на трансформација во најголем број од училиштата се оценува како транспарентен и поддржан од наставниот кадар, стручните соработници и родителите. Но, не смее да се занемари податокот дека дел од наставниот кадар и родителите на учениците се противат на идејата да ги инклузираат нивните деца во редовна настава и следствено треба да се преземат мерки за надминување на ваквата состојба.
- Некои училишта сметаат дека процесот на трансформација се одвива отежнато, а покрај пандемијата од Ковид-19, како причина се наведува недоволната заинтересираност на наставниците и одбивањето на родителите да ги однесат своите деца на проценка на Стручното тело за функционална проценка по МКФ. Во овој контекст, потребно е да се преземат мерки и за обезбедување навремени термини за проценка од страна на Стручното тело, заради почитување на роковите за доставување на барања за образовни асистенти за учениците кои имаат потреба од нив.
- Наставниците имаат потреба од констинуирани обуки за работа со учениците со попреченост во инклузивно образование, неопходни за непречено образование на учениците со попреченост.

Народниот правобранител со цел надминување на постоечките потешкотии во процесот на трансформација, како и олеснување на инклузивното образование на децата со попреченост ***препорачува*** целокупниот процес на трансформација да продолжи, при што истиот добро да се планира и координира од страна на ресорното Министерство, со целосна вклученост и на Бирото за развој на образованието, како и на сите други чинители - идните училиштата со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост, наставниот кадар и членовите на стручните служби, родителите на учениците со попреченост и самите деца со попреченост.

Во овој контекст ***препорачува*** при планирање и реализирање на активностите да се има предвид членот 24 од Конвенција за правата на лицата со попреченост (КПЛП), кој обврзува признавање на правото на образование на лицата со попреченост, без дискриминација и врз основа на еднакви можности, со обезбдување на потребната поддршка и индивидуализирани мерки за поддршка, во рамки на општиот образовен систем, заради олеснување и ефективно образование, максимизирање на академскиот и социјалниот развој, целосен развој на личноста, талентите, креативноста и способностите на лицата со попреченост до ниво на целосен потенцијал.

Народниот правобранител, преку тимот за следење на имплементацијата на КПЛП, ќе продолжи да го следи остварувањето на инклузивното образование потенцирајќи го неговото значење за постигнување високо квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и оние со попречност. При тоа, во мониторингот на инклузивното образование, ќе ги вклучи и лицата со попреченост, нивните претставнички организации и родителски организации кои ја сочинуваат Национална рамка за следење на примената на Конвенцијата на ООН за лицата со попреченост, согласно член 33 (2) од КПЛП, и соодветно ќе интервенира пред надлежните органи/институции/установи, со цел непречен, ефикасен и квалитетен образовен процес на овие ученици, обезбедување на потребната поддршка, како и превенирање на сегрегација на овие ученици или пак, нивна неефикасна интеграција.

Народниот правобранител ***препорачува***, сите мерки и активности кои ќе бидат преземени во текот на овој процес да бидат согласно најдобриот интерес

на овие ученици, и со истите да им се овозможи добивање правично и партиципативно искуство во учењето и средина која најдобро одговара на нивните потреби и преференци.

Според Народниот правобранител, сите субјекти вклучени во овој значен процес треба да имаат предвид дека обезбедувањето на правото на инклузивно образование подразбира трансформација во културата, политиката и практиката во сите образовни средини, како и зајакнување на капацитетот на образовниот систем, со цел задоволување на различните потреби и идентитети на поединците-ученици, заедно со заложбата за отстранување на сите бариери кои ја попречуваат таа можност.